У-5.бр.1261/2021

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите м-р Есма Алибашиќ Јонуз - претседател на совет, Виолета Богојевска и m-r Burim Sejdini- членови на советот, со записничар м-р Едвин Захитовиќ - судски советник, одлучувајќи по Барањето на тужителот ДТУ БИОСИСТЕМИ МК ДООЕЛ Скопје, поднесена преку полномошник Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска, за донесување на времена мерка за одлагање од извршување на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-741/5 од 14.07.2021 година, по одржаната јавната расправ, на ден 27.09.2021 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот ДТУ БИОСИСТЕМИ МК ДООЕЛ Скопје, за донесување на времена мерка за одлагање од извршување на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-741/5 од 14.07.2021 година, до донесување на конечна одлука од страна на Судот, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот ДТУ БИОСИСТЕМИ МК ДООЕЛ Скопје, поднесе тужба за поведување управен спор против решение означено во изреката на пресудата, бр.09-741/5 од 14.07.2021 година на Државната комисија за жалби по јавни набавки, со кое се одбива како неоснована жалбата на жалителот ДТУ БИОСИСТЕМИ МК ДООЕЛ Скопје, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.03-1189/5 од 23.07.2021 година донесена по Огласот за јавна набавка со отворена постапка-рамковна спогодба бр.07148/2021 за набавка на услуги- Секвенционирање на хуман егзом на договорниот орган Македонска академија на науките и уметностите.

Тужбата е заведена под У-5.бр.1262/2021.

Со тужбата тужителот истакна посебно барање за донесување на времена мерка, заведено под У-5.бр.1261/2021, во кое се предлага одлагање од извршување на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-741/5 од 14.07.2021 година, до донесување на конечна одлука од страна на Судот, од причина што со извршувањето на оспореното решение, на тужителот му се причинува штета која е тешко надоместлива. Имено, тужителот наведува дека имајќи го во предвид фактот што поднесувањето на предметната тужба од страна на сега тужителот не го спречува извршувањето на оспореното решение како управен акт, како и дека со пристапувањето кон реализација на договорот за јавна набавка согласно Одлуката за избор на најповолна понуда, на тужителот ќе му нанесе штета од големи размери кој е тешко поправлива, истиот смета дека се исполнети условите за одлагање од извршување на предметниот оспорен акт.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ 11 SHKUP GJYKATA ADMINISTRATIVE REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Тужениот орган во одговор на тужба, во целост остана при своите наоди, и предложи тужбата да се одбие како неоснована.

На одржаната јавна расправа на ден 27.09.2021 година, во присуство на странките полномошникот на тужителот, изјави дека останува во целост кон предлогот за донесување на времена мерка, притоа надополнувајќи дека реализацијата на договорот кој е предмет на јавната набавка е веќе започната и од страна на договорниот орган до тужителот е направена прва нарачка во инзос од 236.160,00 денари без ДДВ, при што истиот е задолжен со фактура од прозиводителот во износ од 393.600,00 денари, од каде произлегува дека тужителот уште со првата нарачка е оштетен со износ од 157.460,00 денари, за што приложи доказ нарачка од договорниот орган и фактура од прозиводителот во два примероци. Притоа наведе дека штетата произлегува како разлика од цената помеѓу вкупната вредност на договорот и идеалната пазарна цена на предметот на конкретната јавна набавка.

Полномошникот на тужениот орган, произнесувајќи се по однос на дополнително приложените докази од страна на полномошникот на тужителот, изјави дека имајќи го во предвид фактот што тужителот во постапката за јавна набавка бил избран по цена која самиот ја определил, наведениот износ во разлика на цена не може да се смета како претрпена штета.

Судот разгледувајќи ја тужбата, барањето за донесување на времена мерка, приложените докази кон тужбата, одговорот на барањето за времена мерка најде дека истиот е неоснован, поради следното:

Согласно член 29 став 5 во врска со член 28 став 2 од Законот за управните спорови, ако надлежниот орган што го донел управниот акт од член 28 на овој закон, пристапи кон извршувањето на актот до донесувањето на одлуката на судот, тужителот може да бара судот да донесе времена мерка за одлагање на извршувањето на управниот акт кога извршувањето на управниот акт би му нанело штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањето не му е спротивно на јавниот интерес, ниту со одлагањето би и се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка.

Во смисла на цитираната одредба, одлагање на извршувањето на управниот акт против кој е поведен управниот спор може да се допушти само на барање на тужителот. За да се одлучи по барањето и истото да се уважи, треба да се исполнат следните претпоставки: да е пристапено кон извршувањето на актот до донесувањето на одлуката на судот; да тужителот во рок го повел управниот спор против управниот акт што е во идентична врска со актот кој е предмет на управниот спор; да постои уверување дека со извршувањето на управниот акт што се оспорува во управен спор на тужителот ќе му се нанесе штета која тешко би се поправила; да одлагањето на управниот акт не е спротивно на јавниот интерес, ниту со одлагањето на извршувањето би му се нанела ненадоместлива штета на спротивната страна, ако постои. Сите овие претпоставки мораат кумулативно да бидат исполнети, за да може да се постапи и да биде усвоено барањето на тужителот за одлагање на извршувањето на управниот акт до завршувањето на управниот спор.

Во конкретниот случај, Судот најде дека тужителот со барањето за одлагање од извршување на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-741/5 од 14.07.2021 година, со ниту еден доказ не стори веројатно дека донесувањето на времената мерка во конкретниот случај, не би било спротивно на јавниот интерес, дека со извршувањето на оспорениот акт ќе му се нанесе ненадоместлива штета на тужителот и дека нанесената штета тешко ќе може да се поправи, така што Судот најде дека не се исполнети кумулативно законските претпоставки од член 29 став 5 од Законот за управните спорови, па одлучи како во изреката на ова решение.

Судот истовремено го ценеше и наводот на тужителот дека со реализација на предметното решение, на истиот ќе му се нанесе штета која произлегува како разлика од цената помеѓу вкупната вредност на договорот кој истиот бил принуден првично да ја определи и идеалната пазарна цена на предметот на конкретната јавна набавка, но истиот го оцени за ирелевантен. Ова од причина што во случајот тужителот, откако претходно самостојно ја определил првично понудената цена, истиот како најповолен понудувач врз основа на Одлука за избор на најповолна понуда при спроведување на постапка за јавна набавка, согласно условите наведени во тендерската документација бил избран од страна на договорниот орган.

Судот ги ценеше наводите на тужителот наведени во барањето како и произнесувањето на истиот на одржаната јавна расправа, но најде дека истите се без влијание во постапката за донесување на времена мерка.

При ваква состојба, Судот најде дека не се исполнети законските претпоставки од член 29 став 1 од Законот за управните спорови (Сл.весник на РСМ бр.96/19), па одлучи како во изреката на ова решение.

Решено во Управен суд на ден 27.09.2021 година, под У-5.бр.1261/2021.

Записничар – судски советник
м-р Едвин Захитовиќ

Претседател на совет – Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 3 дена по приемот на истото преку овој суд до Врховниот суд на Република Македонија.

Пресудата да се достави на :
- тужител
- тужен орган

Претседател на совет – Судија
м-р Есма Алибашиќ Јонуз

ВК/

Република Северна Македонија
Управен суд
Скопје

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
УПРАВИТЕЛ НА СУДСКАТА ПИСАРНИЦА